

# ЦИКЛУСИ
# CYCLES

# КРУНИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ

## 20 СЛИКАРСКИ ГОДИНИ

пролет, 2016

Биографија

**КРУНИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ** е роден на 14.5.1969 год. во Скопје.

Средното училиште „Никола Карев“ со биотехничка струка го завршува во Скопје во 1987 год.

во 1992 год. запишува Ликовна академија во Загреб, каде што дипломира 1998 год. во класата сликарство на професорот академик Ѓуро Седер.

Преку стипендија на KulturKontaktAustria, во 1998 год. студира и дипломира Public Art во класата на Dr. Agnes Denes (САД) на SOMMERAKADEMIE Salzburg, Австрија.

Во 1998 год. професионално работи и се усовршува во Cable Factory, Хелсинки, Финска, како лауреат на програмата UNESCO-ASHBERG Bursaries for Artist Program, Франција.

Од 1997 год. е член на HDLU (Хрватското друштво на ликовни уметници), а од 2004 год. на HZSU (Хрватска заедница на самостојни уметници). Од 2014 год. е член на Управниот одбор на Здружението на хрватските уметници и ликовни критичари. Повеќе години е член на Управниот одбор на Народното свеучилиште „Сесвете“ во Хрватска.

Во период од 1990 до 1999 год. работи како новинар во доменот на културата. Одреден период работи ѕидно сликарство во Заводот за реставрирање во Загреб. Десетина години како професор работи во Приватната уметничка гимназија во Загреб.



**Циклус ЕНЕРГИИ, 150x150, акрил/платно, 2009**



Циклус КАЛЕВАЛА, 35x35, масло/платно, 1998

**Синтеза на различностите како онтолошки фундамент**
**Крунислав Стојановски, 20 години творештво**

"In my art I attempt to explain
life in its meaning to myself"

Edvard Munch

Линеарното следење на дијалектиката на модерната и современа ликовна уметност нема засолниште во опусот на македонско-хрватскиот сликар Крунислав Стојановски. Парадигматичен е неговиот бескомпромисен/слободен протек на желбата непрестајно да скита низ естетските и стилски преференции на дваесеттиот век. Постмодеринистичките екскурзии од еден до дијаметрално спротивен брег на стилските кодирања на визуелните претстави се во срцето на методологијата на изразноста за која се определил. Можеби неупатениот ќе реагира несоодветно на ова однесување, но за да се разбере целосно поетиката на авторот, потребно е веднаш да се укаже на темелното значење на платформата на неговото творештво поставена номадски. Таа се состои од изненадувачкиот спој на дефинираното како чисто уметничко (ларпурлартистичко) и ангажираното (уметничкото со релација, во врска со стварноста, со актуелноста).

Затоа, при избрзани заклучоци може да се дојде до запрашаност како едно акциско сликарство може едновремено да означува експлицитно естетска и ангажирана искрена реакција на трауматичните мигови на минатото или/и на денешнината? Истото се случува и во енформелски осмислените платна од циклусите „Релјефи",„Енергии" или„Калевала". Каде е тука репрезентативното за да укаже на оправданата ангажираност на сликарот (од политичка, етичка, еколошка или од друга провениенција)? Аргументите за синтезата на дијаметрално поставените различности во улога на онтолошки фундамент на ова творештво лесно се откриваат во неколкуте акции, интревенции и мултимедијални проекти со нагласен политички ангажман на авторот („Земја" – 1998, „Време и простор" – 2002, "Sell Your Body" – 2004, „Зоон Политикон – Око" – 2011), како и неговата активност на полето на едукацијата, организацијата на изложби и други општествени активности. Плетората на разновидни практики ги доведуваат во врска дискурсите на таквите автономни авторитети какви што се Едвард Мунк, Франц Кафка, Марсел Дишан, Џорџ Орвел со групата Кобра, со Пјер Алешински, Карел Апел, Ѓуро Седер или со Петар Мазев.....

*Соња Абаџиева, Скопје, 2015*

**Циклус РЕЉЕФИ, 100x150, акрил/платно, рељеф, 2008**



Циклус ПРОСТОРИ, 110х110, акрил/платно, 2005



## Циклуси

Страсност и обземеност, активизам и динамизам, екстатичност и френетичност, жестокост и јадрост – се својства што уште од прв поглед ни паѓаат на ум при средбата со стремежите и остварувањата на сликарот Крунислав Стојановски. Околу две десетлетија исклучително интензивно присуство на локалната и на меѓународната сцена вродиле со голем број самостојни и групни изложби и со други манифестации, исходувале со разновидни типолошки и морфолошки огледи, а седиментирани и сублимирани се во стотици, па и во некоја илјадарка, слики и цртежи, скици и циклуси, индивидуално обележени дела со изразено темпераментна реакција и со неспорна интелектуална вокација.

Младиот уметник отпрвин го интересираат и пошироките општествени односи и можностите за реагирање во разни медиуми, го обземаат политиката и екологијата како неизбежен контекст за какво било современо дејствување. Меѓутоа, со повремени интервенции чиј карактер е изразито социјален, со понекоја пројава на некој амбиентален и концептуален предзнак, та и со речиси континуираната практика на фотографско следење на културниот круг во кој се движи и со документирањето на животната атмосфера на својата генерација, далеку најголема енергија и творечка имагинација Стојановски вложил во жестоката сликарска пракса и во силниот сликарски израз.

Неспокоен и љубопитен, егзистенцијално вознемирен и волен да си ја осведочи човечката солидарност и нерамнодушност, Крунислав Стојановски од самиот почеток сфатил дека јазикот на сликарството му овозможува, повеќе отколку другите дисциплини и медиуми, да го искаже личниот став и да воспостави дијалог со другите, дека преку линиите и боите има можност да ги исфрли на виделина траумите и стравовите, односно со дамки и знаци, со траги и ликови да вообличи композиции и констелации со катарзично дејство и апотропејска моќ. Само преку сликарството успевал да тежнее кон прочистување и да ја досегнува чистотата.

Ете, номадството на Крунислав Стојановски не е рамнодушен еклектицизам, туку страсна рекапитулација на филогенезата, избор според сродност што умее да ги пробере морфолошките дразби од разни происходи и од разни епохи, та да ги усвои и да ги приспособи според сопствената синтакса и симболика. Во постмодерната перспектива сликарот воопшто не може да се движи доколку не направи пресметка со придобивките од модернизмот (и живата традиција, воопшто), доколку не го сведе виденото на она што сраснало и што е исконски примено, та со тој товар да си го продолжи трајното неизвесно патешествие. Таков е, мислам, случајот на сликарот за кој сакаме да сведочиме......

*Академик Тонко Мароевиќ, Загреб, 2015*

**Циклус МЕАНДРИ, 100x150, акрил/платно, 2010**



Од 1995 год. до денес, покрај уметничкото создавање, тој се занимава и со организација на разни уметнички проекти од меѓународен карактер. Со проектите Sunny Moon (2001) и Денови на хрватската култура во Македонија (2002), кои ги иницира и целосно ги организира, иницира потпишување на Договор за соработка меѓу Министерствата за култура на Македонија и Хрватска.

Работи специјални сценографски задачи за филмовите „Некои други приказни", во режија на Ивона Јука (2003), и Goltzius &ThePelicanCompany (2011), на режисерот Питер Гринавеј (Peter Greenaway), за некои ТВ реклами и серии.

Добитник е на наградите на UNICEF и на RedBull (2OO3), како и на десетина позначајни стипендии.

Се занимава со сликање, цртање, изработка на амбиентални инсталации, фотографија, видео, пишување и едукација. Темите што преовладуваат во неговото уметничко творештво се оние што имаат социјална, хуманистичка, еколошка и политичка конотација, со посебен акцент на поединецот и на неговата улога, на можностите и на значењето во глобалното општество.

Своето творештво го има претставено преку повеќе од 40 самостојни и 50 групни изложби во светот.

Живее и работи во Загреб и во Скопје.



Циклус КРИСТАЛИ, 145Х145, акрил/платно, 2003

Крунислав Стојановски Круно
моб. +389 72 23 22 25
моб. +385 95 505 33 50
www.k-stojanovski.com
www.krunislav.com
krunostojanovski1@gmail.com

Циклус ЗЕМЈА, 60x60, ▶
комбинирана техника/панел,
рељеф (детал), 1997



Циклус ЛИЦА, 70x50, акрил/платно, 2014

**ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ**
**DIRECTORATE OF CULTURE AND ARTS - SKOPJE**
бул. „Св.Климент Охридски" 58 б пошт. фах 519
тел/факс: ++389 02 3165 064, 3222 341
e-mail: skleto@unet.com.mk
www.dku.org.mk

Министерство за култура
на Р. Македонија

Изложбата се реализира во рамките на проектот
„Кич, да!? / Сте или не?" / 2016
и ќе биде поставена во Кавадарци, Крива Паланка, Куманово, Прилеп, Велес...